РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД

# ИЗВЕШТАЈ ЗА НАПРЕДОКОТ НА АКТИВНОСТИ
## за комуникација и публицитет за 2018 година
## за ИПАРД Програмата 2014-2020

ноември, 2018

Реализирани активности од Годишниот акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД 2014-2020 за 2018 година се:

- Спроведени се 8 (осум) ИНФО денови во врска со мерката за инвестиции во рурална јавна инфраструктура организирани во соработка со Центарот за развој на осум плански региони во Република Македонија. Инфо деновите се реализирани во март и април оваа година;
- Доставување на директни информации (телефонски и електронска пошта) на потенцијалните корисници;
- Појавувања на национални и локални радио и телевизиски канали како дневни весници и интернет портали ( преку 200 појавувања);
- Публикување на брошури и друг информативен материјал;
- Надградба и одржување на интернет страницата www.ipard.gov.mk; (изработена е надградба на интернет страницата и одржувањето ќе се имплементира до месец август 2019 година.

Во месец декември 2018 година ќе се реализираат 15 инфо денови, 1 форум и ќе се дистрибуираат околу 1000 брошури како дел од договорот за Публицитет потпишан во ноември 2018 година.

Институции кои имаат одговорност за спроведување на горенаведените активности и тоа соодветно со надлежностите и функциите кои ги извршуваат се: Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР).